## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Сто и дваесет и деветта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 април 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,07 часот.

Пред да ја почнам седницата, бидејќи има 46 запишани, а пратениците на СДСМ имаат координација, седницата ќе продолжи во 11,30 часот.

Седницата продолжи во 11,37 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 129-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Игор Ивановски, Цветле Јаневска, Лилјана Поповска, Весна Борозан, Ефтим Манев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ангел Димитров, Али Ахмети, Теута Арифи, Фазли Велиу, Мендух Тачи, Агим Џелили, Љубчо Георгиевски, Љупчо Балковски, Марија Којзеклиска, Марјан Ѓорчев, Михајло Георгиевски и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републички судски совет, генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска-Радио Телевизија, директоротот на Агенцијата за електронски комуникации, претседателот на МАНУ, претседателот на Интеруниверзитетската конференција и претседателот на Здружението на новинарите на Македонија.

Записниците од Сто и дваесет и втората и Сто и дваесет и шестата седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од Сто и дваесет и втората и Сто и дваесет и шестата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Законодавно-правната комисија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Барање за давање автентично толкување на член 135 став 3 од Законот за здравствена заштита, поднесено од претседателот на Советот на општина Велес.

Барањето за давање автентично толкување ви е доставено.

Го молам претседателот на Законодавно-правната комисија да ја образложи итноста Барањето за давање автентично толкување да биде разгледано на оваа седница.

Има збор госпоѓа Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам претседателе. Барам на оваа седница дневниот ред да биде дополнет со точка Барање за давање автентично толкување на член 135 став 3 од Законот за здравствена заштита, "Службен весник на Република Македонија " број 38/91, 46/93, 55/95 и 10/2004 година поднесено од претседателот на Советот на општина Велес. Итноста ја образлагам од причини што во практичната примена можат да произлезат дилеми и различно постапување и различна примена на овие одредби. Затоа барам дневниот ред да се дополни со оваа точка.

**Љупчо Јордановски:** Предлгот на Законодавно-правната комисија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 72 присутни 58 гласале, 56 за, еден воздржан, еден против.

Констатирам дека Предлогот на Законодавно-правната комисија е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со нејзиниот предлог за избор на членови на Советот за радиодифузија, како и со предлозите за избор на членови на Советот поднесени од Македонската академија на науките и уметностите, од Интеруниверзитетската конференција и на Здружението на новинарите на Македонија.

Предлозите за избор на членови на Советот од овластените предлагачи ви се поделени.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја обрзложи итноста.

Има збор господинот Каме Петров.

**Каме Петров:** Благодарам почитуван претседателе Дневниот ред на денешната седница на Собранието на Република Македонија предлагам да се дополни со точката во дневниот ред за избор на членови на Советот за радиодифузија . Станува збор за потреба од навремено извршување на нашите обврски од Законот за радиодифузна дејност донесен во ноември 2005 година, а посебно на обврските што произлегуваат од Законот од членот 23, 26, 27, 28 и посебно од обврските што произлегуваат за Собранието на Република Македонија утврдени во членот 29 од истиот закон. Според тоа, бидејќи Собранието навремено ги доби предлозите од овластените предлагачи, вчера и Комисијата за прашања на изборите и именувањата ги утврди своите предлози. Предлагам врз основа на

одредбите на Деловникот предлозите да бидат ставени во дневниот ред за денешната седница.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на Комисијата го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 55 гласале за, 1 воздржан, 7 против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот денвен ред.

1. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Прилеп

2. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Велес

3. Предлог на закон за донации и за спонзорства во јавните дејности

4. Интерпелација за работата на министерот за здравство, господин Владо Димов

5. Предлози за избор на членови на Советот за радиодифузија

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора со Предлог на закон

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето со Предлог на закон

8. Предлог за донесување на закон за агенциите за привремени вработувања ос Предлог на закон

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност со Предлог на закон

10. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за банки за микрофинансирање со Предлог на закон

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување со Предлог на закон

12. Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот "Маркови Кули" за споменик на природата со Предлог на закон

13. Барање за давање автентично толкување на член 135 став 3, од Законот за здравствена заштита, поднесено од претседателот на Советот на општина Велес

14. Предлог на Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година

15. Финансиски план на Јавното претпријатие МРТВ за 2006 година

16. Предлог на одлука за одобрување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2006 година

17. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за персоналниот данок на доход со Предлог на закон

18. Предлог за донесување на закон за државните награди со Предлог на закон

19. Предлог на одлука за прогласување за ништавна Одлуката на Собранието на Република Македонија со која се потврдува Одлуката на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија со која се одобрува изрекување на мерка притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија Љубе Бошковски.

Дали има некој предлог за изменување, или дополнување на предложениот дневен ред?

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Јас предлагам дневниот ред на денешната седница да биде дополнет со точка на дневен ред разгледување на Годишниот извештај за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата кој што извештај е доставен до Собранието, значи за 2005 година доставен е до Собранието, до ден денеска тој не е разгледан. Зошто барам сега да биде ставен како точка на дневен ред? Затоа што не верувам дека во иднина ќе имаме можност да го разгледаме овој извештај. Имавме прилика да слушаме сите овие денови по разни средства за информирање, па и овде на ниво на пратенички прашања, разни шпекулации, разни коментари Собранието за да пристапи адекватно кон оваа работа, значи што се сработило и што се во Република Македонија може да се подведе под ова категорија добро е да го разгледа како што имавме пракса и минатата година да го разгледаме и со свои заклучоци да придонесеме кон онаа генерална декларирана борба против корупцијата. Значи, предлагам и го повикувам и парламентарното мнозинство да поддржат еден ваков предлог за да го разлгедаме годишниот извештај. Инаку тој е доставен до Собранието на 12 јануари 2006 година, го има во архивата.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи, сепак, многу работи треба да се паметат, а оној извештај што го гледавме по ваш предлог, кој беше?

**Жарко Караџоски:** Тоа беше за државна ревизија, а ова е за антикорупциска Комисија.

**Љупчо Јордановски:** Имате право, бидејќи тој извештај е поднесен, значи предлогот е легитимен и предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 68 за, 2 воздржани, еден против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за изменување и дополнување на дневниот ред, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника, 72 гласале за, нема воздржани, нема против.

Да го информирам господинот Караџоски. Господине Караџоски, вашиот предлог ќе биде последна точка на дневен ред, за да можат да го погледнат Извештајот.

Сега значи сме на делот околу редоследот на точките на дневниот ред.

Има збор госпоѓа  Наташа Биковска.

**Наташа Биковска:** Благодарам претседателе.

Согласно член 74 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија дозволете ми да предложам измена во редоследот по претресот на точките од утврдениот дневен ред. Поради однапред прифатените обврски од веќе потврдената агенда на министерот за здравство за планираните и предвидените активности во врска со престојниот празник 7 април  Денот на здравството за негово присуство и учество како клучен авторитет на овие настани, а почитувајќи ја неговата желба и спремноста да присуствува за цело време на седницата по претресот и расправата по Интерпелацијата предложена од група пратеници, сакајќи лично да ги изнесе аргументите наспроти наводите во Интерпелацијата, предлагам точката Интерпелација за работа на министерот за здравство да биде последна точка од дневниот ред. За ова барам подршка од 10 пратеници.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот е Интерпелацијата за работата на министерот за здравство која што е прочитана како четврта точка на дневен ред сега би била точка 21, бидејќи точка 20 е извештајот на антикорупциската Комисија.

Предлогот го ставам на гласање и ве повикува да гласаме.

Во салата се присутни 79 пратеници, 44 пратеници гласале за, 1 воздржан, 15 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 80 пратеници, гласале 60, 44 гласале за, еден воздржан, 15 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Има збор Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе.

Предлагам точката 19 со оглед на тоа дека оваа одлука е потребна за да се зацврстат гаранциите на Владата на Република Македонија што ги поднесува до Трибуналот во ХАГ  за бранење од слобода на господинот Љубе Бошковски, барам оваа точка да биде пред интерпелацијата, односно оваа точка да биде разгледана како точка 4.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот точката 19 да биде точка 4 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 17 гласале за, нема воздржани, 49 гласале против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор господинот Зуди Џелили.

**Зуди Џелили:** Ви благодарам.

И јас имам еден предлог точката 18 Предлог за донесување на закон за државни  награди да биде точка 4 од дневниот ред од причина што во Комисијата за култура сите пратеници едногласно го поддржаа овој предлог и верувам дека е една од полесните точки. Нормално првите точки се точки каде што се прави разрешување и именување на судиите. Мислам дека оваа точка ќе помине едногласно и заслужува да биде меѓи првите точки. Значи да биде точка број 4 од дневниот ред. Овде се говори за доделување награди.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот точката 18 Предлог за донесување на закон за државните награди со Предлог на закон да биде точка 4 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, 15 за, 2 воздржани, 45 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Госпоѓа Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине претседателе,

Во име на предлагачите на Интерпелацијата барам Интерпелацијата да биде прва точка на дневен ред.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот Интерпелацијата да биде прва точка на дневниот ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 23 за, 3 воздржани, 39 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Процедурално, повелете госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева;** Очигледно е бегањето на претставниците на парламентарното мнозинство од соочување на аргументите по однос на Интерпелалцијата.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, тоа не е процедурално.

**Силвана Бонева:** Од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам 1 час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Објавува пауза од 1 час.

Ќе продолжиме со работа во 13,00 часот.
(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 13,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Госпоѓо Бонева, повелете.

Веројатно ќе дадете информација за тоа зашто побаравте пауза.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ остро протестира за ставањето на точката за интерпелација на министерот Владо Димовски, како последна на дневниот ред.

Досегашната пракса во работата на Собранието на Република Македонија беше секогаш интерпелацијата да биде прва или меѓу првите точки на дневен ред. Изговорот дека причината е ангажманот на министерот по повод Денот на здравството, 7 април, воопшто не држи. Очигледно е дека ставањето на точката како последна е со цел да не стасаме да расправаме

по неа воопшто или пак некој ден набрзина да биде ставена како продолжеток на некоја друга седница. Тоа е чисто бегање од одговорноста и соочување со криминалот и корупцијата во здравството. Ако е приоритет на Владата на господинот Бучковски борбата против корупцијата и криминалот, прашуваме дали тоа е начинот за справување со корупцијата и криминалот. А, ако смета министерот дека се е чисто во здравството тогаш можеше брзо да ги соочиме аргументите и да се расчистат дилемите.

Уште еднаш го повикувам парламентарното мнозинство да размисли дали на ваков начин ќе се однесуваме за вакви сериозни прашања, како што е интерпелација на еден министер за здравство. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени, констатирам дека конечно го утврдивме дневниот ред со тие измени.

Господине Караџоски процедурално. Повелете.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, со оглед на дневниот ред е утврден. Од името на пратеничката група на ВМРО-Народна партија ќе бараме еден час пауза заради следното:

Ние како пратеничка група бевме спремни, односно се припремавме да расправаме по интерпелацијата, и со оглед на тоа што таа точка е ставена како последна точка на дневен ред, а со оглед на тоа како се усвојуваше дневниот ред, влегоа и некои точки кои сега ќе бидат одма на разгледување, тоа е Законот за спонзорство и Предлогот за избор на членови на Советот за радиодифузија, особено за оваа точка за радиодифузија каде што има некои членови кои што се далеку од она што значат непартиски.

Паузата ни е потребна за да се припремиме по тие две точки и особено да изградиме став во смисла на тоа како ќе настапуваме. Значи, паузата ја бараме заедно со онаа за ручек да се припремиме.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи рековте за посебна точка за радиодифузијата паузата. . .

**Жарко Караџоски:** За двете кажав, и за спонзорство.

**Љупчо Јордановски:** Не, спонзорството ви беше на време дадена како редослед на дневниот ред уште кога е дефиниран дневниот ред.

Се извинувам господине Караџоски, . . .

**Жарко Караџоски:** Се е тоа во ред, претседателе само јас се надевам дека треба да се гласа за таа точка. Ако мислите дека имате доволно, не давајте пауза.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, 85 пратеника има потпишано и вклучително целата вашата пратеничка група.

Дали може да се договориме да ја дадам паузата пред она што ви е како итна точка или инсистирате сега?

Добро, продолжуваме во 15,00 часот.

(После паузата)

(Седницата продолжи со работа во 15,06 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во Собранието и во салата.

Констатирам дека повеќе нема пријавено во врска со редоследот, со тоа, ова што ви е поделено како конечен предлог на редоследот на дневен ред, по тој ќе работиме.

**Минуваме на точка 1 - Предлог за разрешување на судија на Основен суд во Прилеп.**

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот, Вера Андреевска да биде разрешена од функцијата судија на Основен суд во Прилеп.

Поради староснa пензија, морам тоа да го кажам однапред, затоа што малку ми е чудно што на крај читав дека е поради старосна пензија.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и Предлогот Вера Андреевска да биде разрешена од функцијата судија на Основен суд во Прилеп го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Пред да го прочитам резултатот од гласање, службите нека го утврдат бројот на присутните.

Присутни се 62 пратеника, 60 гласале, 60 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Вера Андреевска е разрешена од функцијата судија на Основен суд во Прилеп, поради исполнување услови за старосна пензија.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основен суд во Велес.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, 53 гласале, 52 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судија на Основен суд во Велес.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на закон за донации и за спонзорства во јавните дејности.**

Предлагачи се група од 83 пратеници.

Предлогот на законот, дописите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија и на Комисијата за образование, наука и спорт и Извештајот на Комисијата за култура ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачите на законот поднесоа амандмани на член 21 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот

1 и на член 28 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за култура поднесе амандман на член 21 став 1 со кој се согласил претставникот на предлагачите и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот и ве молам, кој бара збор?

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор односно воопшто нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Бидејќи сме присутни 63 пратеници, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници, 52 гласале, 50 за, нема воздржани, 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Господине Каме Петров, повелете сега имате право на процедурално.

**Каме Петров:** Согласно член 74 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, поради дополнителни консултации, барам поддршка од 10 пратеници да се измени дел од редоследот во дневниот ред, при што точката 4 ќе се помести во точка 17, значи после точката 16 , после законот за персонален данок. Барам поддршка од 10 пратеници.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на господинот Каме Петров го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници, 44 гласале, 38 за, нема воздржани, 6 против.

Како претседател, да побарам поединечно гласање или да ги прифатам.

Повелете, дали некој бара збор?

Повелете господине Каме Петров.

**Каме Петров:** Барам поединечно гласање бидејќи за мал број на гласови станува збор.

**Љупчо Јордановски:** Барам поединечно гласање и нека почне гласањето.

**Рокса Георгиевска:**

Абдилаќим Адеми - за

Рафис Алити - за

Иван Анастасовски - не е тука

Стојан Андов - не е тука

Ана Андова - за

Борко Анѓелкоски - за

Петар Апостолов - за

Никола Апостоловски - за

Јусуф Арифи - за

Теута Арифи - не е тука

Славе Арсоски - за

Фатмир Асани - не е тука

Али Ахмети - не е тука

Љупчо Балкоски - не е тука

Назми Беќири - не е тука

Наташа Биковска - за

Ристе Бислимовски - за

Сашо Богдановски - за

Силвана Бонева - против

Весна Борозан - не е тука

Љубе Бошкоски - не е тука

Абдуладиi Вејсели - не е тука

Фазли Велиу - не е тука

Јанаќе Витановски - за

Цветанка Гашоска - за

Љубчо Георгиевски - не е тука

Михајло Георгиевски - не е тука

Благоја Гешоски - за

Кире Гештаковски - за

Тома Глигориевски - за

Благој Голомеов - за

Славица Грковска - за

Никола Груевски - не е тука

Назлие Даути - за

Замир Дика - не е тука

Ангел Димитров - за

Киро Дојчиноски - за

Сашо Дохчев - за

Ванчо Ѓоргиев - не е тука

Драган Ѓорѓиев - за

Марјан Ѓорчев - не е тука

Андреј Жерновски - не е тука

Љубисав Иванов-Ѕинго - не е тука

Цветанка Иванова - за

Лилјана Ивановска - за

Игор Ивановски - не е тука

Владо Илиевски - за

Цветле Јанеска - не е тука

Аднан Јашари - за

Љупчо Јордановски - за

Никола Б. Камчев - за

Жарко Караџоски - против

Сашко Кедев - не е тука

Добре Кековски - за

Илија Китаноски - против

Марија Којзеклиска - не е тука

Борис Кондарко - за

Емилија Костадинова - за

Чедомир Краљевски - против

Зоран Крстевски - не е тука

Ристана Лалчевска - против

Соња Лепиткова - за

Спиро Мавровски - против
Јани Макрадули - за
Ефтим Манев - не е тука
Ружди Матоши - не е тука
Љупче Мешков - против
Благодорна Мингова-Крепиева - за
Милка Митковска - против
Јордан Михајловски - за
Рафет Муминовиќ - за
Неждет Мустафа - не е тука
Слободан Најдовски - не е тука
Џевдет Насуфи - не е тука
Петар Наумовски - не е тука
Мите Николов - за
Ѓорѓи Оровчанец - против
Гзим Острени - не е тука
Ѓорѓе Паљошковски - против
Владо Паунков - за
Ангелка Пеева-Лауренчиќ - за
Ристо Пејоски - против
Борче Петковски - не е тука
Тито Петковски - не е тука
Каме Петров - за
Лилјана Поповска - не е тука
Коста Прешоски - за
Исмет Рамадани - за
Есад Рахиќ - за
Каролина Ристова - за
Ејуп Рустеми - за
Селвије Салиу - за
Ганка Самоиловска-Цветанова - против
Гајур Сарач - за
Ацо Спасовски - за
Илија Србиновски - не е тука
Ванчо Стаменков - не е тука
Славица Станковска - не е тука
Иван Стоилковиќ - не е тука
Блаже Стојаноски - не е тука
Нелко Стојаноски - за
Тасим Сулејмановски - не е тука
Мендух Тачи - не е тука
Зоран Томиќ - за
Роза Топузова-Каревска - за
Ѓорѓи Трендафилов - против
Томе Тромбев - за
Аднан Ќахил - не е тука
Никола Ќуркчиев - за
Александар Флоровски - не е тука
Илјаз Халими - не е тука
Семијал Хасани - за
Ќенан Хасипи - не е тука
Хусеини Хусеинџеват - не е тука
Слободан Чашуле - не е тука
Агим Џелили - не е тука
Зиди Џелили - не е тука
Драго Шајноски - против
Исни Шаќири - не е тука
Џезаир Шаќири - не е тука

**Љупчо Јордановски:** Заврши поединечното гласање и не се враќаме на повторно читање за оние кои не беа присутни додека се читаше списокот.

Процедурално се јавува госпоѓа Ристана Лалчевска. Повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Барам да го поништите ова гласање, затоа што беше спротивно на Деловникот на членот 94 точка 3. Поединечното гласање се врши со изјаснување на секој пратеник со за или против предлогот или со воздржување од гласањето, а за тоа време вратите од собраниската сала се затворени. Вас господине претседателе, додека се вршеше поединечното гласање влегуваа и излегуваа поголем пратеници од салата. Тоа значи е сосема спротивно на Деловникот и ве молам да го поништите гласањето.

**Љупчо Јордановски:** Освен да ми кажете дали тоа беше од позиција или од опозиција.

**Ристана Лалчевска:** Господине претседателе, воопшто не пишува во Деловникот дали пратениците се од позиција или од опозиција, а меѓу другото влегуваа и од едната и од другата групација.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Јас тоа не го констатирав.

Повелете да ги констатираме резултатите.

Резултатите од поединечното гласање се следниве:

Од 69 присутни пратеници кои гласале и се изјасниле јавно, 55 гласале за предлогот, против гласале 14, воздржани нема.

Констатирам дека точката 4 е точка 17 и Предлогот е прифатен.

**Минуваме на петтата точка - Предлог за донесување закон за ратификација на договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот за

слободна трговија меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора.

Ве повикувам да гласаме.

Од 70 присутни, 58 гласале, 58 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 70 присутни, 46 гласале, 46 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Нема пријавени за збор, го заклучувам претрестот по текстот, предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 70 присутни, 49 гласале, 49 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација.

**Минуваме на точката шест - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за оружјето, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Господине Трендафилов повелете, имате збор.

**Ѓорѓи Трендафилов:** И кога се носеше новиот закон за оружје, и кога се носеше потполно новиот закон за оружје Комисијата за одбрана и безбедност формираше една работна група во која имаше и членови на Парламентот, членови од редовите на Министерство за внатрешни работи и претставници на националната асоцијација за оружје и беше истакнато дека одредени намери кои беа изразени во тогашниот Предлог на закон за оружје не соодвествуваат ниту со директивите, една единствена Европска директива има добиено во поглед на оружјето, а таа се однесува на меѓународната карта за транспорт на оружје, која нема врска со националните законодавства во погледа на класификацијата на оружје и во поглед на таа класификација на оружје што се е на располаѓање на одредени агенции за обезбедување.

Исто така укажавме дека Министерство за внатрешни работи нема капацитет да го спроведе овој закон на начин како што сака да го спроведе и конечно укажавме дека се прекршува во еден важен сегмент, Уставот на Република Македонија во поглед на третирање на личната односно приватната сопственост.

Да ве потстам дека тогашните претставници на Министерство за внатрешни работи, почитуваната госпоѓа Доревска и господинот Сали, претходно кога исто така беа застапници на законот од Министерство за внатрешни работи, а станува збор за законот за државјанство непосредно по донесување на тој закон тогашниот министер за внатрешни работи, а подоцна претседател на Владата Хари Костов, токму тој закон го истакна како закон кој не е системски, правен е вон програмата за работа на Владата. И тогаш и сега тврдиме дека во Министерството за внатрешни работи особено актуелниот министер за внатрешни работи навистина нема увид во она што значи, значи не по негова вина, иако како министер за внатрешни работи треба да биде загрижен затоа што тој го наследи овој законски проект во времето кога се наоѓаше на друга државна институција. Одлужувањето на овој закон без пропратни мерки кои значат усогласување на законот согласно забелешките кои доаѓаа и од опозицијата и од претставниците на националната асоцијација за оружје нема да значи ништо друго туку она што го зборува практично секој втор припадник на Министерство за внатрешни работи особено членови на владеачките партии.

Со овој закон ќе се легализира оружјето или ќе си извадат дозволи само оние кои се во власта, а за следната власт од 1 јануари 2007 година тогаш ќе важат овие таканаречени европски нормативи кои господинот Сали и госпоѓата Доревска ги бранеа така жестоко дека ќе стапат на сила тогаш кога требаше да стапат и Министерство за внатрешни работи немаше да ни испрати еден нејзин припадник, навистина госпоѓата воопшто не беше виновна што нејзе и паднала таа чест да го брани ставот на Министерство за внатрешни работи, таа зборуваше за укинување на визите на Европската унија и Република Македонија. Воопшто зборуваше за многу работи само не за тоа што беше поканета. Значи, Собранието доколку сака да ја одложи примената на овој закон мора да ја одложи со рокови во кои рокови ќе бидат вградени забелешките кои беа укажувани во текот на 15, 16 и 17 јануари за што постојат и конкретни заклучоци од работната група на Комисијата за одбрана и безбедност при Собранието на Република Македонија.

Инаку доколку се одложи без никакви мерки дека треба да се направи интервенција во законот ви тврдам дека одредени господа кои се наоѓаат на високи полициски функции и кои имаат една единствена обврска во поглед на овој закон - да ги легализираме таканаречените одземени оружја кои се наоѓаа во стрелачките сојузи во рамките на старата законска регулатива. Од 1 јануари 2007 кога ќе стапи овој закон на сила не не интересира што ќе биде и како ќе биде во поглед на оружјето затоа што тоа ќе биде проблем на некоја друга влада, не на оваа Влада.

Само со конкретни мерки дека ќе се направи позитивна и квалитетна измена во Законот за оружје ќе поверувам дека станува збор за нешто

дурго. Инаку, најдобронамерно и тогаш и сега министерот за внатрешни работи треба да поведе сметка кој стои и кој го лобираше овој закон во самото Министерство за внатрешни работи, како и која е неговата крајна цел.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Лалчевска повелете имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Би сакала да истакнам некои свои размислувања околу предлогот за изменување и дополнување на Законот за оружје кој е донесен 2005 година и за жал не се примени до сега. Сега се бара одложување на неговата примена однсно да почне да се применува од 01.01.2007 година.

Кога се носеше Законот за оружје, како што кажа и колегата претходно, беше укажано на слабостите на овој закон, меѓута немаше добра волја од Министерството да се вградат забелешките што беа искажувани по однос на овој законски текст, а пред се на одредби кои што дури и во земји многу поразвиени од Македонија, се уште се во таканаречена експериментална фаза. Сега објаснувањата дека информатичкиот систем во Министерство за внатрешни работи е така проектиран и конструиран и не може да даде целосна поддршка на новиот Закон за оружје според мене во најмала рака е смешно објаснување, бидејќи проблемот не е во информатичкиот систем што го има Министерство за внатрешни работи, туку проблемот е во одредбите кои сеуште се експериментални и голем дел од тие одредби, колку што имам јас информации, се оспорени пред Уставниот суд. Многу е чудно што примената на еден ваков закон во кој поголем дел од одредбите е неможно да се применат да се остава односно тој жежок костен да се префрлат на некоја друга Влада да го имплементира, а ова брзоплето го донесе пред година дена. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Господине Оровчанец имате збор, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе,

Очигледно е дека законскиот текст и законскиот концепт кој што беше донесен во ова Собрание увидено е дека практично во овие услови е неприменлив и поради тоа сметам дека се бара одложување за неговата примена и апликација од 01.01.2007 година.

Мене ми е прифатливо предлагањето, меѓутоа ова одлагање би требало да подразбира уште нешто.

При носење на Законот имаше многу забелешки околу решенијата кои беа во самиот закон. Дел од тие решенија можете сега дополнително и да ги сватите и мислам дека тој Закон и после 01.01.2007 година може да предизвикува недоразбирања, да има одредени работи кои што погрешно ќе се толкуваат.

Јас би напоменал дека Законот беше носен во едни услови кои што би ги нарекле период на стабилизација во Република Македонија. Со други зборови иако атомосферата во Република Македонија и меѓу пратениците на некој начин беше оптоварена и веќе изгубивме можност да донесеме еден граѓански концепт на Закон за оружје. Во меѓувреме, по она што јас го имам како сознание од луѓе кои се занимаваат со лов, со стрелаштво итн, сваќам дека практично преку регулирањето на материјата не оди ни по стариот Закон, меѓутоа немаме ни примена на новиот Закон, така да имаме еден вакум период кој што може да допре одредени активности, меѓутоа и тие да биле така според мене би требало Министерство за внатрешни работи комплетно или да го ревидира законот, или пак да се направи сосема нов текст кој би бил ставен на јавна расправа и да се донесе нов закон кој би бил употреблив од 01.01.2007 година.

Лично сметам дека текстот што го имаме не приличи на еден текст на граѓанска држава која се стреми да ги регулира работите според некој интенции што постојат во европските земји. Посебно на она што се осврна господинот Трендафилов дека на директивите се остава на националните сојузи, програми и власти да го дефинираат ова прашање. Единствена директива е за дозволата која што би имала меѓународен карактер да можете оружјето да го носите од Македонија, дали во Унгарија на лов, Полска или не знам каде.

Според тоа мојата сугестија е одлагањето е прифатливо, меѓутоа ова одлагање да создаде простор за измени, или пак комплетно ревидирање на законот за кој сметам, и тогаш кога се гласаше сметав дека за наши услови е неприменлив. Благодарам.

(На седнаицата продолжи да претседава господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Оровчанец.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитуван министер еве не по ваша вина, претходниот министер, како и многу други министри од Владата повторно не носат во ситуација за нешто во еден момент кажуваме дека сме многу блиску до Европската унија и дека е подобро да донесеме било каков закон отколку никаков се покажува дека таа не е точна и исправна стратегија, затоа што еве сега се доведуваме во една ситуација кога овој закон, за кој што си даваме самите рокови, за кој што беа предвидени 6 месеци да се донесат подзаконски акти кои што овој закон ќе го направат валиден и со него ќе може да се служат граѓаните на Република Македонија испаѓа дека и после една година и уште една година многу тешко Министерство за внатрешни работи може да ги совлада основните проблеми што се јавуваат со носењето на Законот.

Многу коректно од страна на Министерство за внатрешни работи во однос на причините кои ги изнесува заради што се повлекува законот или пак се бара плоронгирање, но мислам дека оваа коректност треба да биде дополнета со ова што го бараат моите колеги од опозицијата и сите забелешки што беа дадени за време кога се донесуваше законот, како и во оваа расправа мислам дека ќе придонесат за едно подобро решение и министерот ќе најде сили овој Закон повторно, дали во вид на измена, или на предлог на закон да дојде пред пратениците и да го најдеме правото решение со кое што ќе донесеме прав закон.

Зошто го говорам ова? Затоа што вие самите кажувате дека информатичкиот систем во Министерството е конструиран на начин што не овозможува целосна прегледност на сите податоци кои се однесуваат на оружјето и не нуди можност во релативно краток временски период за да изврши дополнително надградување и дополнување заради поддршка на новиот закон за оружјето. Тоа е од една страна.

Од друга страна се предлага и се предлагаше во законот една наполно нова класификација на оружјето, за што ниту имаме обезбедено кадри истите треба да поминат обука и после таа обука...

(Некои пратеници во салата меѓусебно си разговараат и потпретседателот ги опоменува со ѕвончето).

Знам дека некој е експерт за оружје, може би ова не му е интересно да го слуша, можеби знае многу повеќе од нас, но аконе може да слуша може да излезе и да ја продолжиме расправата.

Значи практичната примена на Законот зависеше од донесувањето на десет подзаконски акти, од кои што во меѓувреме само четири се донесени. Значи поради недонесувањето на другите шест подзаконски акти апсолутно станува неприменливо она што го говориме, новиот закон не може никако да биде дел и составен дел на она што рековме дека носиме европски закон.

Инаку, предлогот на закон што го имаме пред нас за изменување и дополнување на Законот за оружје има промена на членовите 84, 85, 86, 87 и 89 каде што се заменуваат зборовите " влегувањето во сила", со " отпочнување на примената" и во членот 90 на крајот на реченицата се додава "ќе се применува од 01.01.2007 година".

Значи, ова што кажа господинот Оровчанец, инкорпорираноста во содржината на директивата за контрола на набавување и поседување на оружјето од Советото на Европа 91/477 е токму тоа што можеме да си дозволиме со една потврда која што ќе ни биде издадена од Министерство за внатрешни работи едноставно оружјето за лов да биде пренесено од една во друга држава.

Јас би сакал да спомнам за што всушност се работи во овие членови, кои што се многу битни и кои што покажуваат една немоќ на Владата и во други закони, за што расправаме, за што се предлагаат амандмани но истите не се прифаќаат при донесувањето на законите и потоа ќе мора да има измени или дополнувања со истите предлог амандмани.

Значи, членот 85 од овој закон говори дека подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Да не заборавиме, тој е донесен 2005 година, значи помина повеќе од една година и до денот на влегувањето на сила на прописите од ставот 1 на овој член ќе се применвуаат постојните прописи доколку не се во спротивност со одредбите на овој закон. Сега останува дилемата дали ова оружје, класификацијата и се останатао ќе продолжи на овој начин кој што сега некој има право да го направи, или пак ова комплетно останува за после 01.01.2007 година без никакви промени да го имаме истиот овој закон со донесените подзаконски акти.

Членот 86 има два става од кои првиот можам некако и да го прифатам, но ставот 3 мислам дека треба да се промени, или пак да се најде начин како тоа да функционира. Зошто? Ставот 1 зборува за дозволите за поседување и носење на оружје и дозволите за поседување на оружје издадени по досегашните прописи, мора да се заменат најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на подзаконскиот пропис, за образецот на дозволата за оружје, дозволата за поседување на оружје и дозволата за носење на оружје. Значи, во исто време, кога ги очекуваме новите пасоши, лични карти и незнам уште што, Министерство за внатрешни работи да ја заврши оваа работа за една година, со овие подзаконски акти, мислам дека ќе биде многу проблематично, а со ставот 3 мислам дека комлплетно го блокирате се ова и дека не за една година, туку и за наредните пет години, многу тешко ќе стигнеме до таа ситуација, затоа што при поднесувањето на барањето за замена на дозволите, од ставот 1 на овој член, физичкото односно правното лице е должно до надлежниот орган, според живеалиштето, односно престојувалиштето на странецот и правното лице, според седиштето, да го донесе оружјето на кое се однесува дозволата заради извршување на пробни испукувања од оружјето. Јас не сум некој експерт за оружје, но познавајќи како во светот се продава оружјето и колку од оваа ситуација луѓето во криминалистичките, да кажам агенции кои се занимаваат со оружјето ги имаат овие испукувања од овие оружја, апсолутно мислам дека тоа не ќе можете да го направите, а што е уште пострашно, кај нас правиме неколку акции за правење и одземање на нелегално оружје и секој ден низ градовите гледаме пукање со автоматско оружје, а ние имаме закон со кој е забрането носење на оружје, а не автоматско оружје кое се применува секој ден. Да не говорам тука за бомбите и други ситуации кои во меѓувреме се случуваат во Република Македонија. Мислам дека овој став или трега да се избрише или треба да се даде некој подолг временски период во кој Министерството

ако навистина сака да има такви отпечатоци, ако сака да ги има како податок во Министерство за внатрешни работи, за мене е ооправдано. Но знаејќи колку има нелегално оружје во Република Македонија, мислам дека тоа се ќе биде само еден залуден труд и потрошени пари што треба да го чинат оној што го има оружјето, легално, со дозвола, за разлика од оној кој има нелегално оружје и кој може во секој момент да го користи и на секое место, а Министерство за внатрешни работи да наоѓа и цели арсенали, не само од автоматско и полуавтоматско оружје, туку и артилериско оружје кое сеуште го има во Република Македонија, а зборувавме дека се ражорувавме, дека сега сме во една среќна и безбедна држава во која сите можеме да живееме како што сакаме. Очигледно дека не е така. Затоа овој закон, ако треба, сигурно дека треба да им служи на граѓаните на Република Македонија, треба да се доработи, да се земат искуства од повеќе Европски држави, ако треба и од САД и да се види што и како од овој закон момже, што не може да се примени и колкав е реалниот рок и време за овој закон да важи подеднакво за сите а не да биде злоупотребен до 1.01.2007 година, и после тоа да имаме ситуација во која некоја нова Влада ќе го решава целиот проблем. Мислам дека министерот, бидејќи го предложил овој закон, ќе има таква сила, дали ќе го врати законот со измени и дополнувања, или пак ќе имаме еден нов закон со една широка јавна дебата, после ова одлагање на законот, за законските акти кои треба да бидат донесени. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе,

Законот за оружје, Собранието на Република Македонија го донесе на седница одржана на 25.01.2005 година и истиот беше објавен во Службен весник на Република Македонија на 1.02.2005 година и влезе во сила 8 дена после тоа.

Со самото влегување на Законот во сила, престанаа да важат одредбите од Законот за набавка, поседување и носење на оружје, кој до тогаш ја регулираше оваа проблематика каде членовите од 22 до 31 и член 65 став 1 точка 5 и став 3 и член 66 став 1 точки 3 4 и 5 и став 3 од Законот за преминувањето на државната граница и движењето во граничниот појас.

Владата на Република Македонија на седница одржана на 2.03.2006 година, го утврди предлогот за донесување на Законот за измени и дополнување на Законот за оружје и Предлогот на законот, при што истата предложи по нив да се расправа на оваа седница на Собранието. Со Предлогот на законот Владата предлага, во делот од Законот за преодни и завршни одредби, во членот 84 и 85 став 2, член 86 став 1, членовите 87 и 89, да се извршии терминолошка замена на зборовите - влегувањето во сила со отпочнувањето на примената, а во член 90, крајот на реченицата да биде продолжен со зборовите дека ќе се применува законот од 1.01.2007 година.

Со ваквите предложени измени и дополнувања на Законот, неминовно се поставуваат и отвораат неколку прашања. Имено, по влегување на законот во сила, министер за внатрешни работи беше задолжен да го донесе националниот каталог за оружје и муниција, како основен услов за класифицирање на оружјето на потполно нов начин, што ден денес тоа не е направено, ниту пак постојниот информатички систем во Министерство за внатрешни работи, беше подготвен за новиот начин на регистрирање на сите податоци кои се однесуваат на оружјето и муницијата.

Исто така, според одредбите во Законот за оружје, сите подзаконски прописи предвидени со законот, требаше да бидат донесени во рок од 6 месеци од денот на влегување на законот во сила, при што беа донесени само неколку акти.

По влегување на законот во сила и престанокот на важноста на претходниот закон кој ја третираше оваа област, се создаде невиден хаос во Министерство за внатрешни работи, поточно по подрачните организациони делови на Министерство за внатрешни работи, каде граѓаните поднесуваат писмени барања за издавање на одобрение за набавка на оружје, се примаат самите барања, но по истите не можеше да се постапува поради горенаведените причини, што е случај и до ден денешен. Со тоа на граѓаните не им беше овозможено да ги остварат своите права во оваа област, иако беа изложени на материјални трошоци, а да не зборуваме пак за материјалната штета која ја претрпеа и сеуште ја трпат граѓаните, поготово оние правни лица кои се занимаваат со производство, промет и поправање на оружје и муниција и делови за оружје, како главна дејност што поради оваа состојба истите не можат да ја обавуваат. Сето тоа ќе беше избегнато доколку се донесеше националниот каталог за оружје и муниција, подзаконските акти кои се неопходни за операционализирање на новиот закон и подготовката на информатичкиот систем во Министерство за внатрешни работи, за новиот начин на регисстрирање на оружјето.

Со стапувањето на законот во сила, без претходно да се обезбедат услови и инструменти за негово имплементирање и операционализирање, неминовно беше да ја имаме оваа состојба денес во оваа област, еден целосен хаос. Сето ова го поставува прашањето, кој е виновен за тоа, кој ќе ја понесе одговорноста за оваа состојба во оваа област. Иако од стручните структури во Министерство за внатрешни работи надлежни за оваа проблематика, било укажувано на оваа опаасност, истите не биле земени предвид, значи овие укажувања на сручните служби и заради тоа сега ни се случува тоа што го имаме на денешната седница.

Не треба да заборавиме дека и по текстот на закокнот има неколку суштествени пропусти за кои е поведена постапка пред Уставниот суд, за оценување на согласноста на одредени одредби од Законот, со Уставот, што исто така упатува на заклучокот дека Законот не беше квалитетно подготвен. Оттаму сакајќи да ја решат оваа состојба со примената на новиот закон, со новиот предлог на закон Владата сугерира продолжување на рокот за отпочнување на примената на Законот од 1.01.2007 година, што требаше да се направи од самиот почеток за да се избегнат сегашните состојби. Тоа во пракса значи дека се враќаат во сила одредбите од претходниот закон, дека до отпочнување на примена на новиот закон за оружје, сите постапки ќе продолжат според одредбите предвидени за тие постапки, во претходниот закон што самото по себе зборува за крајно несериозен однос на предлагачот на тој закон, а имајќи го предвид пролонгирањето на отпочнувањето на примена на законот за оружје, морам да напомнам дека истото ќе предизвика и друга правна празнина, поточно ќе остави една состојба правно нерегулирана.

Со оглед на тоа што закокнот за надзор над државната граница е во Собраниска процедура, се очекува истиот закон наскоро да биде донесен во Собранието, бидејќи во тој закон се изоставени одредбите за пренесување на оружјето и муницијата преку државната граница, кои се внесени во текстот на законот за оружје кој ќе отпочне да се применува дури од 1.01.2007 година, се поставува прашањето како и според кој законски пропис ќе се регулира прашањето за пренесување на оружјето и муницијата преку државната граница, кога во Законот за набавка поседување и носење на оружје, не постојат такви одредби, а истиот останува во сила до отпочнување на примена на новиот закон за оружје. Дали во тој вакум период државјаните на Република Македонија и странците нема да можат да пренесуваат оружје и муниција преку државната граница. Би било логично да нема правно нерегулирани ситуации во севкупното живеење во една држава, па како можно решение би било, одредбите во Глава 9, од Законот за оружје, со наслов - пренесување на оружје и муниција преку државната граница, од член 61, член 71, да останат во сила како адхок импровизација, со рок на важност до 1.01.2007 година, кога ќе отпочне да се применува новиот закон за оружје. Мислам дека или овој предлог, или некоја друга варијанта, некое друго решение треба да се размисли од страна на Министерство за внатрешни работи и Владата на Република Македонија и да се интервенира амандмански, или пак да се врати законот на доработка, со цел да не се оставаат празни празнини. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за господинот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Станува збор навистина за квалитетен закон и она што, ми се чини колегата Мавровски само го истакна, токму предлагачот согледувајќи ја практичната имплементација на законот, се најде во една состојба каде одредени недостатоци поврзани со самиот закон, во практичната примена, очигледно ќе треба еден подолг временски период за истите да бидат имплементирани. Станува збор за постојаниот информатички систем во Министерство за внатрешни работи, кој, за жал, не е конструиран на начин што овозможува целосна прегледност за сите податоци што се однесуваат на оружјето и не нуди можност во релативно краток период да се изврши дополнително надградување и дополнување, заради поддршка на новијот закон за оружје.

Исто така, бидејќи се предлага една сосема класификација на оружјето, неопходен е одреден период на дополнителна обука и оструччување на делот на администрацијата што ќе работи на пактична примена на законот. Тоа се вистинските причини, колешке Бонева, зошто се предлага овој закон.

Што се однесува до хаосот во овој орган, што вие, наводно го кажавте, само ќе ве потсетам дека една друга Влада предводена од ВМРО ДПМНЕ, направи еден вистински хаос, издаде голем број на дозволи за носење и поседување на оружје, за што имаше неколку пратенички прашања, што можеа да се погледнат на ВЕП страницата на Собранието, па вие сами заклучете кој создаде хаос. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Силвана Бонева.

**Сислвана Бонева:** Почитуван колега Томиќ, мислам крајно време е, после три ипол години работа на овој нов парламентарен состав и три ипол гоидини на една нова Влада на Република Македонија, да се зборува за тоа што прави оваа Влада кои пропусти ги има оваа Влада и овој Парламент, со носењето на законските решенија, а не постојано да се навраќате на работењето на некоја претходна Влада, на некој претеходен парламентарен состав. Мислам дека наша работа е да се занимаваме со сегашното работење на Влада и на овој Парламентарен состав.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Никола Апостолоски.

**Никола Апостолоски:** Благодарам потпретседателе,

Јас немав намера да се вклучам во расправата, но се јавував во својство на известиел од матичната комисија односно Комисијата за одбрана и безбедност.

Изненаден нсум што колегите кои дискутираат претходно, не го прочитале извештајот на Комисијата за одбрана и безбедност, која го прифати предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за оружје, од причините и оценките што ги наведуваат во образложението на Владата. Нормално, и го поддржувам и Комисијата го поддржа овој закон, од причини што постојниот информатички систем на

Министерство за внатрешни работи не може во целост да одговори на прегледноста на податоците за спроведување на овој закон. Од тие причини и Комисијата го прифати и на Собранието му предлага да го излгаса овој Предлог на закон.

Што се однесува до измените на законот и до поднесената иницијатива до Уставниот суд за постапка за оценување на уставноста и предлозите на иницијаторите на управната постапка, националната асоцијација за оружје и други невладини организации, Комисијата заклучи на првата наредна седница да ги разгледа сите нивни предлози и истите во својство на предлог на закон, на измени на Законот да ги предложи до Собранието. Мислам дека и колегата Спиро Мавровски истото го потврди.

Тоа што колешката Бонева зборуваше дека имаме проблеми со поднесените барања за оружје, токму со овој закон ќе се овозможи, по стариот закон, барателите на дозволи за оружје, да си добијат оружје. Од тие причини, од практични причини добро е што предлагачот бара одлагање на законот. Тоа сакам да го прифатиме и го прифаќаме. Благодаам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Службите да го утврдат точниот број на пратеници, а ги молам пратениците кои не се во салата, да влезат.

(Пратеници влегуваат во салата)

Недостасуваат уште 6 пратеници.

Молам координаторите да проверат дали можеме да обезбедеме, координаторите од опозицијата, мислат ли пратениците да влегуваат, освен овие кои се овде или не, за да знаеме како да одиме, дали да дадеме пауза или како да се однесуваме.

(Пратеници влегуваат во салата).

Молам служибте уште еднаш нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници).

Молам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во сала).

Молам службите, во средината нека го утврдат точниот број, уште еднаш, на присутните пратеници.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници).

Продолжуваме со работа.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласале 47 пратеници, 44 за, еден воздржан, 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласале 45, од нив 43 за, нема воздржан, 2 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Илија Китановски поднесе амандман за додавање два нови членови 1-а и 1-б по членот 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови членови 1-а и 1-б по членот 1, поднесен од пртеникот Илија Китановски.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи во Владата на Република Македонија, господинот Љубомир Михајловски.

Повелете господине Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Со промените на законот, односно со Предлогот на законот што денеска се предлага, се бара само одложување на примената. Не се бараат некои други суштински промени.

Амандманот не го прифаќаме. Би требало да оди во нов, ова што претходните пратеници го кажуваа, ако сакаме измени, тогаш ќе бараме да се оди со нов текст. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Коностатирам дека нема други пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата, а некои и излегуваат).

Со оглед на тоа што пратениците од опозицијата излегоа, а недостасуваат уште 6 пратеници, само за јавноста да ја информирам дека 97 пратеници ќе земат дневеници и патни трошоци.

(Реакција во салата)

Момент.

Но, молам точно да се знае кој овде останува и кој ги заслужува дневните и патните трошоци.

Мислам дека еднаш е редно, бидејќи секаде каде што одиме тоа постојано, граѓаните на тоа ни укажуваат и не може за еден дел од пратениците сите пратеници да бидат виновни.

Од левава страна имаме двајца пратеници, господинот Михајловски и господинот Сашко, а другите си земаа дневници и си заминаа.

(Потпретседателот сеуште чека да се соберат пратениците).

Не гледам друго што да правиме.

Имаме амандман поднесен од пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, а од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема никој да гласа за нивниот амандман.

Овде ќе ја прекинеме денешната расправа.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,24 часот).